Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161/19 и 229/20, 3/25 и 74/25) Училишниот одбор при ООУ „Свети Климент Охридски“ - с.Драслајца, Струга на седницата одржана на ден 30.06.2025 година го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ОЦЕНУВАЊЕТО, НАПРЕДУВАЊЕТО И ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот на оценувањето, напредувањето и полагањето на испити на учениците во училиштето.

## II. ОЦЕНУВАЊЕ

**Член 2**

Оценувањето на учениците, опфаќа следење и проверување на напредувањето на ученикот, како и прибирање и анализирање на показатели за неговиот развој во воспитно- образовниот процес.

**Член 3**

Со следењето, проверувањето и оценувањето на учениците се овозможува утврдување на степенот на остварениот напредок на учениците, информирање на учениците и родителите - старателите за постигнатите резултати, поттикнување на развојот на учениците и регистрирање на остварените резултати во воспитно-образовниот процес.

**Член 4**

Следењето, проверувањето и оценувањето на учениците е континуирано, систематско и јавно.

**Член 5**

При определувањето на оценката се земаат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, заинтересираноста за наставата и односот кон неа, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот.

**Член 6**

Во процесот на следење, проверување, поттикнување и оценување на развојот и напредувањето на учениците во воспитно-образовниот процес се користат методи, постапки и техники сообразени со содржините што се оценуваат и возраста на учениците (разни форми на: усно проверување, писмено проверување, писмени работи, тестови на знаења, есејски задачи, практично проверување, набљудување и разни техники - скали на проценка, чек-листа и друго).

**Член 7**

За проверка на степенот на реализираност на целите и задачите на основното образование повремено може да се врши интерно или екстерно проверување на постигањата на учениците од страна на БРО или МОН.

## III. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА И НАПРЕДУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

### Интерно проверување на успехот на учениците

**Член 8**

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето.

### Оценување и оценки на учениците

**Член 9**

(1) Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

(2) Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки.

(3) Ученикот од ставот (2) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки.

(4) Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки.

(5) Ученикот од ставот (4) на овој член, на крајот на првото и третото тримесечје полугодие добива известување за успехот со описни оценки, на крајот на првото полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(6) Во третиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки.

(7) Ученикот од ставот (6) на овој член, на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

(8) Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.

(9) Ученикот на крајот на учебната година добива додаток на свидетелство во кое описно се наведуваат постигањата на ученикот и стекнатите компетенции во изборните предмети, општествено-корисната работа, учеството во натпревари, ученичките акции и други воннаставни активности.

(10) Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1).

(11) Највисока оценка е одличен (5).

(12) Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми.

(13) Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

### Оценување на учениците со попреченост

**Член 10**

(1) Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно.

(2) Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано.

(3) Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати.

(4) Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент.

(5) Начинот на оценување на учениците со попреченост го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

**Известување на родителите односно старателите за успехот на ученикот**

**Член 11**

(1) Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен континуирано во текот на учебната година да го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет.

(2) Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

**Повторување на одделение**

**Член 12**

(1) Ученикот од прво заклучно со петто одделение, по правило, не може да го повторува одделението.

(2) Ученикот кој не успеал до крајот на учебната година да постигне минимум резултати од учење за преминување во следното одделение, да ги совлада наставните содржини до крајот на учебната година по предлог на одделенскиот наставник и стручните соработници на училиштето, а во согласност со родителот, односно старателот може да остане во истото одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет на училиштето.

**Поправен испит**

**Член 13**

(1) Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има негативна оценка до два предмета се упатува на поправен испит.
(2) За ученик од шесто, седмо, осмо и деветто одделение кој на крајот на наставната година има до две негативни оценки, основното училиште е должно во јуни да организира дополнителна настава по наставните предмети по кои ученикот има негативни оценки во траење од најмалку 30% од бројот на часови утврдени со наставните програми.
(3) Ученикот од ставот (2) на овој член, кој по одржаната дополнителна настава не ги постигнал критериумите за позитивна оценка, се упатува на поправен испит.
(4) Поправните испити ученикот ги полага во јуни и/или август.
(5) Ученикот од ставот (3) на овој член, кој нема да го положи поправниот испит по еден или по два предмета се задржува во истото одделение.
(6) Ученикот којшто на крајот на наставната година во шесто, седмо, осмо и деветто одделение има повеќе од две негативни оценки се задржува во истото одделение.

**Годишни оценки**

**Член 14**

(1) Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.

(2) Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишна оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.

(3) Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот од ставот (2) на овој член.

(4) Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот.

(5) За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од претседател и два члена- испитувачи.

(7) Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.

(8) Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката.

(9) Оценката на комисијата е конечна.

**Одделенски испит**

**Член 15**

(1) Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети и нема елементи за изведување на годишна оценка, има право да полага одделенски испит по предметите по кои не е оценет.

(2) За одобрување на полагање на одделенскиот испит од ставот (1) на овој член, одлучува наставничкиот совет на училиштето.

**Побрзо напредување на ученикот**

**Член 16**

(1) Ученик кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува.

(2) Ученик од прво до трето одделение, по предлог на одделенскиот наставник, а по мислење на стручните соработници на училиштето и согласност на родителот, односно старателот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет.

(3) Ученик од четврто до деветто одделение, по предлог на одделенскиот раководител, а по одобрување на наставничкиот совет и согласност на родителот, односно старателот може забрзано да напредува и премине во наредното одделение, за што одлука донесува наставничкиот совет.

(4) Ако ученикот побрзо напредува во првиот период преминува без полагање на испити за побрзо напредување, а ако побрзо напредува во вториот, односно третиот период полага испити за побрзо напредување.

(5) Правото од ставовите (2) и (3) на овој член, ученикот може да го користи најмногу два пати во текот на основното образование.

(6) Основното училиште има обврска за ученикот кој побрзо напредува да организира менторска и консултативна помош од наставниците по соодветните предмети.

Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување

**Член 17**

(1) Одделенски испит, поправен испит или испити за побрзо напредување ученикот го полага пред испитна комисија.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член, ја формира директорот на училиштето и е составена од претседател и два члена - наставници, од кои еден член е наставник од соодветниот предмет.

## IV. ПРЕОДНИ ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Со влегување на сила на Правилникот престанува да важи претходно донесениот Правилник.

30.06.2025 година.
с. Драслајца, Струга

Претседател на УО

________________

Наумка Велевачковска